# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ДОЖИВУВАЊЕ СО ОДЛОЖЕНО

# ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ КОН ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Општите услови за осигурување на живот (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови за осигурување за доживување со одложено осигурување во случај на смрт (во понатамошниот текст: Дополнителни услови), се составен дел на Договорот за осигурување на живот кој договарачот на осигурувањето го склучува со осигурителот.

## II. СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 2

Според овие Дополнителни услови може да се осигурат здрави лица, со тоа што староста на осигуреникот во моментот на истек на Договорот за осигурување може да биде најмногу 75 (седумдесет и пет ) години.

Пристапната старост на осигуреникот претставува разлика од календарската година на почетокот на осигурувањето и годината на раѓање на осигуреникот.

Лицата кои се осигуруваат според Условите за зголемени (анормални) ризици не би можеле да бидат осигурени според овие Услови, но може да се осигурат според овие Услови само со договарање на периодот на одложеност, кој е една година пократок од траењето на осигурувањето.

Под период на одложеност од претходниот став се подразбира период во кој не постои осигурително покритие за случај на смрт на осигуреникот, односно не постои обврска на осигурителот за исплата на осигурената сума во случај на негова смрт.

## III. ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ПОМЛАДИ ОД 14 ГОДИНИ

### Член 3

1. Со овие Услови може да се осигурат здрави лица почнувајќи од моментот на раѓање, па сè до 14-годишна возраст, а максималната возраст при истек на осигурувањето е 20 години.
2. Периодот на одложеност кој се договара во случај на осигурување на лица помлади од 14 години е една година пократок од траењето на осигурувањето.
3. Во случај на осигурување на лица помлади од 14 години, договарачот на осигурувањето е должен во рок од 30 дена, сметано од денот на истек на периодот на одложеност, на осигурителот да му достави писмена согласност од осигуреникот за да биде осигурен во случај на смрт.

## IV. ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 4

1. За осигурен случај во смисла на овие Услови се смета:
   - доживување на истек на осигурувањето;
   - смрт на осигуреникот по истек на периодот на одложеност.

## V. ПОИМ ЗА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

### Член 5

1. За несреќен случај во смисла на овие Услови се смета секој настан што е неизвесен и не зависи од волјата на осигуреникот и кој, дејствувајќи главно однадвор и нагло врз телото на осигуреникот, има за последица смрт на осигуреникот.
2. Во смисла на претходниот став, следниве настани се сметаат за несреќни случаи: прегазување, судир, удар со некој предмет или во некој предмет, електричен удар или удар од гром, паѓање, лизнување, колабирање, ранување со оружје, убод или каснување од животно или убод од инсект, освен доколку таквиот убод предизвика одредено инфективно заболување.
3. За несреќен случај се смета и следново:
   - труење со хемиски средства поради незнаење на осигуреникот, освен професионални заболувања;
   - инфекција на рана што е предизвикана од несреќен случај;
   - труење поради вдишување гасови или отровни пареи, освен професионални заболувања;
   - изгореници од оган или електрична енергија, жешки предмети, течности или пареа, киселини или бази, и слично;
   - задавување и давење;
   - задушување поради потрупување (со земја, песок, бетон);
   - дејство на светлина, сончеви зраци, температура или лошо време, доколку осигуреникот бил изложен на нив непосредно поради несреќен случај што настанал пред тоа, или се нашол во такви непредвидени околности што не можел да ги спречи, или бил изложен на нив поради спасување на човечки живот;
   - дејство на рендгенски или радиоактивни зраци, доколку настапат нагло или ненадејно, освен професионални заболувања.
4. Во смисла на овие Услови, не се сметаат за несреќни случаи:
   - самоубиство;
   - заразни, професионални и други заболувања, ниту пак последиците од психички влијанија;
   - стомачна кила, кила на папокот или другите видови на кила, освен оние видови кила што настануваат како последица од директно оштетување на стомачниот ѕид под непосредно дејство на надворешна механичка сила врз стомачниот ѕид, доколку по повредата се утврди трауматска кила, при што заедно со неа клинички е утврдено повредувањето на меките делови на стомачниот ѕид во тоа подрачје;
   - инфекции и болести што настануваат поради различни алергии, исеченици или кинење на плускавци или други израстоци од тврда кожа;
   - анафилактички шок, освен доколку не настапи при лекувањето поврзано со настанатиот несреќен случај;
   - дискус хернија, сите видови лумбалгии, дископатии, сакралгии, кокцигодинија, ишијалгија и миофасцитис, фиброзитис, фасцитис и сите патоанатомски промени на слабинско-крсната регија што се означени со аналогните термини;
   - одлепување на мрежницата (ablatio retinae) на претходно болно или дегенеративно изменето око, а по исклучок се признава и одлепена мрежница на претходно здраво око, доколку постојат знаци за непосредна надворешна повреда на очното јаболко, утврдена во здравствена установа;
   - последици што настанале поради делириум тременс и дејство на дроги;
   - последици од медицински, особено оперативни зафати што се преземаат поради лекување или превентивно за спречување на болести, освен доколку таквите последици настапиле поради докажана грешка на медицинскиот персонал (vitium artis);
   - патолошки промени на коските и патолошка епифизиолиза;
   - системски невромускулни заболувања и ендокрини болести;
   - несреќни случаи што се предизвикани од инфаркт – инфарктот во никој случај не се смета за последица на несреќен случај;
   - несреќни случаи поради мозочен удар, нарушување на умот или свеста, епилептични напади, освен доколку и тие влијанија се непосредно предизвикани од несреќен случај што може да се сведе во рамките на несреќните случаи што се прифатени од осигурителот.

## VI. ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

### Член 6

1. Премијата се плаќа во иста валута, на ист начин и истовремено со премијата за осигурување на живот, во согласност со Општите услови за осигурување на живот.
2. Премијата за осигурување не се плаќа во последната година од траењето на осигурувањето.
3. Во случај на смрт на осигуреникот во периодот на плаќање на премијата, премијата за осигурување се плаќа последен пат за годината во која настапила смртта на осигуреникот.

## VII. ОБВРСКА НА ОСИГУРИТЕЛОТ

### Член 7

1. Во случај на истек на Договорот, осигурителот е должен на осигуреникот, односно на корисникот на осигурувањето наведен во полисата, да му ја исплати договорената осигурена сума за доживување и припишаната добивка остварена во текот на траењето на осигурувањето.
2. Во случај на смрт на осигуреникот, по периодот на одложеност, на корисникот на осигурувањето наведен во полисата му се исплаќа:
   - осигурена сума во случај на смрт како последица на несреќен случај и дотогаш припишаната добивка, доколку смртта на осигуреникот настанала како последица на несреќен случај,
   - осигурена сума во случај на смрт и дотогаш припишаната добивка, доколку настапила природна смрт на осигуреникот.
3. Во случај на смрт од болест или смрт поради несреќен случај на осигуреникот во периодот на одложеност, осигурителот има обврска на корисникот на осигурувањето да му ја врати дотогаш платената премија

и да му ја исплати припишаната добивка до моментот на настапување на смртта на осигуреникот.

4. Доколку смртта на осигуреникот настапи во периодот на одложеност, а по капитализација на Договорот, осигурителот има обврска на корисникот на осигурувањето да му ја исплати математичката резерва остварена до денот на прекин на Договорот и дотогаш припишаната добивка.

**VIII. КОРИСНИК НА ОСИГУРУВАЊЕТО**

**Член 8**

1. Корисникот на осигурувањето се одредува во согласност со Општите услови за осигурување на живот.
2. Во случај на осигурување на лица помлади од 14 години, договарачот на осигурувањето има обврска на осигурителот да му достави, согласно член 3 од овие Услови, и известување за назначен корисник во случај на смрт на осигуреникот.
3. Доколку договарачот на осигурувањето не достави известување од претходниот став, како корисник на осигурувањето остануваат корисниците наведени при склучување на Договорот за осигурување.

**IX. ИСКЛУЧЕНИ ОБВРСКИ НА ОСИГУРИТЕЛОТ**

**Член 9**

1. Осигурителот нема да ја исплати осигурената сума за случај на смрт како последица на несреќен случај доколку смртта на осигуреникот е настаната:
    - при управување и пилотирање на авиони и секакви типови на воздухоплови, при скокање со падобрани, освен во својство на патник во јавен сообраќај;
    - при тренинзи и учество на осигуреникот во спортови со зголемен ризик за кои осигурителот одредува поголема осигурителна премија. Под учество во ризични спортови од оваа точка се смета, но не и исклучиво, учество во следниве спортови: управување на воздухоплови, планинарење, тркање со моторни возила, коњски трки, нуркање, параглајдинг, сите боречки спортови, банџи скокање, падобранство, скијање на вода, едрење, алпинизам, возење во балон, американски фудбал, бадмингтон, кошарка, фудбал, бејзбол, бодибилдинг, стрелаштво, канион (качување), маунтин или ситибајк, хокеј, џокеј, галоп, велосипед – улични трки, атлетика, акробатика, гимнастика, рагби, тенис, одбојка, сквош, скијање, уметничко лизгање на мраз, ватерполо;
    - при вршење на професии со зголемен ризик за кои осигурителот одредува зголемена осигурителна премија. Под професии со зголемен ризик од оваа точка се смета, но не и исклучиво, пред сè: работење во рудници, работи поврзани со ископување нафта, ураниум, природен гас и други минерали и камења; производство на метали, градежништво, професии поврзани со електричната енергија, производство на хемикалии и хемиски производи, пожарникари, спасувачи во ридско-планински служби, пиротехничари, рудари, сите професии поврзани со ракување со експлозиви и експлозивни уреди и материјали;
    - кај лица кои имаат анормален ризик поради тоа што претрпеле некаква потешка болест, или во моментот на склучување на Договорот се потешко болни или се оптоварени со вродени или здобиени потешки телесни мани или недостатоци чија општа работна способност е значително намалена;
    - поради земјотреси, поради поплави и други природни катастрофи;
    - поради војна, воени судири, непријателства, воени операции или случувања слични на војна;
    - поради граѓанска војна, револуција, буна, востание, како и граѓански немири што произлегуваат од таквите настани или терористички акти;
    - поради детонација на експлозиви, мина, торпедо, бомба или пиротехнички средства;
    - поради воени случувања и вооружени судири од каков било вид надвор од границите на Република Македонија;
    - доколку осигуреникот управува со каков било воздухоплов, пловен објект, моторни и други возила без пропишаниот службен документ што на возачот му дава овластувања за управување и возење со тој вид воздухоплов, пловен објект, моторно или друго возило. Се смета дека осигуреникот го поседува пропишаниот службен документ доколку при вршење на подготовките и при полагањето на испит за добивање на службениот документ, вози под непосреден надзор на службено овластен и стручен инструктор;
    - поради самоубиство или како последица од обид за самоубиство;
    - во случај кога договарачот на осигурувањето, осигуреникот или корисникот намерно го предизвикал несреќниот случај;
    - при подготвување за вршење или при обид за извршување на казниво дело со умисла и при бегство по такво дејство;
    - поради дејство на алкохол или наркотични средства врз осигуреникот, без оглед на каква било одговорност на трето лице за настанување на несреќниот случај. Се смета дека несреќен случај поради дејство на алкохол настанал:
      – доколку во времето на настанувањето на несреќниот случај концентрацијата на алкохол во крвта на осигуреникот била поголема од 0,50 промили при управување со сообраќајно средство, а во останатите случаи поголема од 0,80 промили, под услов доколку таквата алкохолизирана состојба на осигуреникот била причинско-последично поврзана со настанувањето на несреќниот случај;
      – доколку по сообраќајната несреќа осигуреникот одбие да се подложи на испитување на алкохолизираноста и доколку се оддалечи од местото на сообраќајната несреќа пред доаѓањето на полицијата, односно доколку не повика полиција или доколку не ја извести најблиската полициска станица за сообраќајната несреќа, или доколку на друг начин го избегне алкотестот;
    - поради радиоактивна контаминација, доколку интензитетот на зрачење, измерен надвор од кругот на микролокацијата на изворот на зрачење, бил над законски дозволените граници;
    - поради активно учество на осигуреникот во физичка пресметка (тепачка), освен во докажан случај на самоодбрана;
    - при вршење на работите на професионален војник од страна на осигуреникот.
2. Договорот за осигурување е ништовен ако во моментот на неговото склучување веќе настанал осигурениот случај или бил во фаза на настанување, или ако било сигурно дека ќе настане, а платената премија му се враќа на договарачот, намалена за административните трошоци и трошоците за лекарски преглед, доколку бил потребен.
3. Одредбите од овој член не се однесуваат на случаи за кои е поинаку договорено и за кои е платена соодветна осигурителна премија.

**X. ОГРАНИЧЕНИ ОБВРСКИ НА ОСИГУРИТЕЛОТ**

**Член 10**

1. Доколку покрај осигурувањето на живот е склучено и дополнително осигурување во случај на траен инвалидитет како последица на несреќен случај, тогаш осигурителот на корисникот на осигурувањето ќе му исплати како што следува:
    - доколку осигуреникот почине пред истекување на една година од настапување на несреќниот случај од последиците на таквиот несреќен случај, а конечниот процент на инвалидитет веќе бил утврден, осигурителот ја исплаќа сумата што била утврдена за смртниот случај, односно разликата меѓу осигурената сума за смртен случај и сумата што претходно била исплатена за инвалидитет, доколку постои таква разлика;
    - доколку конечниот процент на инвалидитет не бил утврден, а осигуреникот почине поради истиот несреќен случај, осигурителот ја исплаќа договорената осигурена сума за смртниот случај, односно разликата меѓу тој износ и веќе исплатениот износ за инвалидитет (аконтацијата), но единствено доколку осигуреникот почине најдоцна во рок од три (3) години по денот на настанување на несреќниот случај.

**XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

1. За договорите за осигурување склучени според овие Дополнителни услови се применуваат одредбите од Општите услови за осигурување на живот.
2. Доколку постои несогласување меѓу некои одредби од Општите услови и од овие Дополнителни услови, за односите од Договорот за осигурување ќе се применуваат одредби од овие Дополнителни услови.

**Член 12**

1. Овие Услови стапуваат во сила и се применуват од денот на нивното усвојување од страна на Управниот одбор на Друштвото.

**Скопје 01.04.2017**